Република Македонија
Влада на Република Македонија
**Дирекција за заштита и спасување**

Република Македонија
Влада на Република Македонија
Дирекција за заштита и спасување
Сектор за оператива и логистика
Бр: 12-605/7
20-02-2013 2013 год.
ул."Васко Карангелевски" бр. 8
1000 Скопје,
Тел. (02) 5514 320
Факс. (02) 5514 325

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
СКОПЈЕ
Примено: 21.02.2013
Орг. единица | Број | Прилог
14 | 2286/15

ДО
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
С К О П Ј Е

Предмет: Забелешки, доставува.-

Дирекцијата за заштита и спасување во врска со Нацрт извештајот за ефикасност во процесот на спречување и третирање на ризиците од природни непогоди, Ви ги доставува следните забелешки:

Точка 2.1. алинеја 3

Одлука за активирање на Главниот штаб за заштита и спасување донесува директорот на Дирекцијата за заштита и спасување и тој одлучува кога, зошто и со каква цел ќе го активира.

Владата на Република Македонија донела заклучок за формирање на кризно координативно тело за справување со снежното невреме имајќи предвид дека во справувањето со снежното невреме се вклучени повеќе субјекти, пред се единиците на локална самоуправа и ЈП „Македонија пат" чија основна надлежност и делокруг на работа е чистење на снегот, снежните намети и лавини и обезбедување на услови за задоволување на основните потреби на населението со приоритет за расчистување на локалните, регионалните и магистралните патни правци.

Имајќи го предвид погоре изнесеното, укажуваме дека заклучокот на Владата на Република Македонија не е донесен заради неактивирање на Главниот штаб за заштита и спасување.

Точка 2.1. алинеја 4

Согласно член 21 од Законот за заштита и спасување, Владата на Република Македонија носи решение за именување на членови на Главниот штаб за заштита и спасување.

Бидејќи во персоналниот состав на Главниот штаб за заштита и спасување настанаа промени Дирекцијата за заштита и спасување достави акт за именување на нови членови. Владата на Република Македонија подолг временским период немаше донесено такво решение,

Дирекцијата за заштита и спасување во вовеќе наврати доставуваше ургентни барања за донесување на решение за именување на членови на Главниот штаб за заштита и спасување .

Во текот на извршувањето на ревизијата дадени Ви се сите акти кои Дирекцијата за заштита и спасување ги има доставено до Владата на Република Македонија со цел донесување на наведеното решение.

Според погоре наведеното, сметаме дека констатацијата во ревизорскиот наод не е соодветна, бидејќи Дирекцијата за заштита и спасување до Владата на Република Македојнија не доставувала повеќе предлози за именување на членови на Главниот штаб за заштита и спасување, туку еден предлог во 2008 година и повеќе ургенции за донесување на решението.

Точка 2.1. алинеја 5

Согласно член 102 и 103 од Законот за заштита и спасување, директорот на Дирекцијата за заштита и спасување донесува Одлука за мобилизација и ангажирање на републичките сили за заштита и спасување, со која се опфатени и регулирани сите прашања за успешно и ефикасно спроведување на мобилизацијата и ангажирањето на силите за заштита и спасување.

Во Законот за заштита и спасување нема правен основ за донесување на наредби за мобилизација и ангажирање на силите за заштита и спасување.

Точка 3.1. алинеја 2

Републичките сили за заштита и спасување (штабови, единици, тимови) се пополнети 96 - 98% што значи дека имаме обезбедено висок процент на пополнетост и констатацијата дека не е обезбедено целосно пополнување треба да се замени со конкретниот процент на пополнетост.

Прегледите за пополнетоста ви се доставени во текот на извршувањето на ревизијата.

Точка 3.1. алинеја 5

Дирекцијата за заштита и спасување нема законска обврска за спроведување систематски/здравствени прегледи на припадниците на републичките сили за заштита и спасување.

Во изминатиот период покренавме иницијатива за спроведување на истите, но заради недостиг на финансиски средства за таа намена не сме во можност да ги реализираме.

Точка 3.1. алинеја 6

Со Уредбата за видот, големината и организирањето на силите за заштита и спасување дадена е можност за формирање на наведените единици за зпасување од високи објекти, заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло и заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло, но со Одлуката за формирање на силите за заштита и спасување што ги формира Републиката се децидно определени видот и големината на единиците кои ги формира Републиката, што значи дека Уредбата и Одлуката се комплементарни.

Точка 3.1. алинеја 7

Единиците на локална самоуправа формираат сили за заштита и спасување по вид и големина, согласно процената за загрозеност.

Точка 3.1 став 4

Согласно Уредбата за видот, големината и организирањето на силите за заштита и спасување не е предвидено формирање на единици за заштита и спасување од снежни лавини и наноси и бидејќи нема правен основ истите не се формирани.

Точка 4.1.

Во однос на ажурирање на Планот за заштита и спасување, констирано е дека поради доверливост на документот не може истото да се реализира. Факт е дека секоја година истиот се ажура интерно, соодветно за секоја од мерките за заштита и спасување, но не може да се интервенира на официјалниот документ додека не се симне доверливоста на документот, со што би бил достапен и до сите носители на планирањето. Заради надминување на овој проблем, цениме дека е неопходно Правното одделение да даде препорака како истото да се реализира, со

цел Републичкиот План за заштита и спасување да биде од јавен карактер и достапен на „web. “ - страната на Дирекцијата. Соодветно на тоа ќе биде овозможено лесно усогласување и хармонизирање на Плановите на сите носители на планирањето.

- Иако нормативно не е регулирано, но сепак се подразбира дека, за да се изработи еден документ на национално ниво, истиот црпи податоци и информации од ПО за заштита и спасување, како и од субјектите – носителите на планирањето, согласно Законот за заштита и спасување. Соодветно на ова и од нивните плански документи се формира еден генерален, со најсуштествените атрибути.

Точка 4.3.

Техничко-технолошките несреќи и сообраќајните несреќи не се спроведени во Методологијата за изработка на планските документи, но бидејќи се релативно нови мерки, а идејата за менување на Законот е од поодамна, логично е дека истите ќе бидат опфатени со измените во законот и новите законски решенија.

- Снежни лавини и наноси се само еден сегмент од многуте мерки за заштита и спасување кои не може строго да бидат дефинирани како посебни мерки, затоа што во тој случај тие би биле стотина, поради постоење на многу типови на опасности, а уште повеќе ризици. Ниту ЕУ легислативата не наметнува такви стандарди, Исто е и со земјотресите, тогаш би имеле и експлозии и поплави и свлечишта и пожари и урнатини и техничко-технолошки несреќи (кои исто така може да бидат сами по себе повеќевалентни), така да секогаш се глобализира опасноста и се земаат оние погенералните.

Точка 5.1.

Потпишувањето на меморандуми веројатно е добра пракса, но сигуно не е посилно од Закон, па истите можеби би биле потребни доколку нешто поконкретно се дефинира. Цениме дека не се неопходни, бидејки со Законот за заштита и спасување се дефинирани носителите и должностите на сите носители на планирањето во системот за заштита и спасување во РМ.

Точка 6.3.

Со цел да се задоволат критериумите за јавност и транспарентност, Дирекцијата за заштита и спасување објави јавен повик за склучување на договори со градежни фирми и компании. Јавниот повик беше објавен во дневните весници „Дневник” и „Коха” во периодот од 21. – 26.12.2012 година.

Во јавниот повик се содржани следните одредби: дефинирани се потребните услуги, видот на градежни и други видови машини и транспортни средства за извршување на наведените услуги.

Исто така, дефинирани се условите под кои ќе се врши ангажирање на истите, ангажирање на лицата и надоместокот за нивното ангажирање.

Прилог: Јавен повик.-

Забелешката дека во договорите не се децидно наведени подзаконските акти врз основа на кои ќе се врши исплата на дневници не е коректна, бидејќи во сите договори без исклучок се наведени податоци за предметот на договорот и начинот на плаќањето со цитирање на подзаконските акти (Уредба за видот на средствата и добитокот кои граѓаните, трговските друштва, јавните претпријатија и службите ги даваат на користење на Дирекцијата за заштита и спасување, за начинот на водење на евиденцијата и за висината на надоместокот за нивно користење, оштетување и уништување сл. весник на РМ бр. 89/06 и Уредбата за висината и начинот на остварувањето на надоместокот на граѓаните во извршувањето на правата и должностите во заштитата и спасувањето сл. весник на РМ бр. 12/06).

Во однос на забелешката дека подмирувањето на обврските се врши со пребивање, односно со отстапување на нафтени деривати, напоменуваме дека Дирекцијата за заштита и спасување постапува согласно одлуката на Владата на Република Македонија.

Точка 7 - Инспекциски надзор

7.1 Забелешката на ревизијата за недоволна и несоодветна покриеност со инспекциски надзор на одредбите од Законот за заштита и спасување и прописите кои произлегуваат од области за заштитата и спасувањето од природни непогоди и други несреќи, е соодветно констатирана.

-Во првиот пасос после точка 7.1, со забелешката дека делумно се регулираат правата и обврските на инспекторите, како и одредена неусогласеност и извесен степен на судир на надлежности со инспекциските служби од ЦУК, не се сложуваме, освен во членот 24 од Законот за безбедност и здравје при работа каде што постои извесен судир на надлежности.

-Во материјалниот Закон за заштита и спасување кој е донесен во 2004 година во преодните и завршните одредби утврдено е дека е потребно да се донесе посебен закон со кој ќе се уредат правата, обврските и надлежностите на

Генералниот инспектор и инспекцискиот надзор констатацијата е позитивна од причини што со материјалниот закон сеуште не се решени правата, обврските и надлежностите на Вработените од Министерството за внатрешни работи кои вршеле работи во областа на инспекцискиот надзор за заштита од пожари кои се превземени во Дирекцијата (Согласно член 160 ).

-Забелешката во третиот пасос, дека со Законот за заштита и спасување инспекторите се државни службеници, не е точна. Статусот на инспекторите јасно е дефиниран во членот 115-а став 2, каде децидно се уредува статусот на инспекторите, а истото е потврдено и во Законот за инспекциски надзор во член от 18 точка 1.

-Во пасос пет каде што е дадена зебелешката дека Одделението за Генерален инспектор не изготвува Годишна програма за работа не е точна, бидејќи секоја година се изготвува Годишна програма на Одделението за Генерален инспектор која се доставува до Секторот за аналитика и истражување.

-Во делот на поднесувањето на прекршочни и кривични пријави, како и за издадени забрани за работа на објекти, инспекторите за заштита и спасување не ги поднесуваат освен во исклучителни случаеви каде што има потреба од репресивни мерки. А во делот на запечатување и забрана за работа на објекти, потребно е да се изготви Правилник за начинот за запечатување и забрана за работа, и за тоа да се спроведе обука.

Со почит!

Изработил: Велко Ристовски
Одобрил:Љупче Петроски
Согласен: Лидија Бјелица

Д И Р Е К Т О Р,
м-р Шабан Салиу

Доставено до:
- насловот;
- архива.

Врз основа на Заклучокот на Координативното тело на Владата на Република Македонија за чистење на снегот, снежните намети и лавини, од седницата одржана на 17.12.2012 година, Дирекцијата за заштита и спасување објавува

## ЈАВЕН ПОВИК
### за склучување на договори со градежни фирми и компании

Јавниот повик се однесува на извршување на следните услуги:

- Расчистување на:
- Снег, снежни наноси, одрони, лавини
- Чистење на речни корита и канали
- Изведување на насипи, расчистување на урнатини
- Транспорт на вода за пиење, домашна употреба и гасење на пожари,
- Транспорт на гориво (цистерни за нафта и нафтени деривати)
- Транспорт на градежни машини, песок, чакал и камен
- Транспорт на луге, храна добиток

**За извршување на услугите, Дирекцијата за заштита и спасување има потреба од следните видови градежни и други видови машини и транспортни средства:**

- Комби возила, минибуси, автобуси и трактори
- Товарни и влечни возила,
- Камиони со самоистоварувачи од 2 до 20 тони носивост.
- Цистерни за вода и гориво,
- Инжинериско-градежни машини (багер гусеничар, багер гумар, утоварувач, грејдер и други).

**Услови**

Ангажирањето на градежните и другите видови машини и транспортни средства ќе се врши согласно Уредбата за видот на средствата и добитокот кои граѓаните, трговските друштва, јавните претпријатија, установи и служби ги даваат на користење на дирекцијата за заштита и спасување, за начинот на водење на евиденцијата и за висината на надоместокот за нивно користење, оштетување и уништување (Сл. весник на РМ" бр.89 /06).

Ангажирањето на лицата кои ќе ги управуваат градежните и друг вид машини и транспортни средства ќе се врши согласно Уредбата за висината на остварувањето на надоместокот на граѓаните во извршувањето на правата и должностите во заштитата и спасувањето (Сл. весник бр.12/06).

Плаќањето за ангажираните градежни машини и транспортни средства, лицата кои ќе ги управуваат ќе се врши согласно наведените Уредби а и со можна компезација во нафтени деривати.

Сите заинтересирани фирми и компании да се јават во подрачните одделенија на Дирекцијата за заштита и спасување.

Контакт телефон 075/457 554 Велко Ристовски.

---

Врз основа на член 131 и 135 од Законот за високото образование ("Сл. Весник на РМ" бр.35/2008 год.) и член 34 став 2 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник број 173/11), Деканот на

**Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје**
**МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ**
**распишува**

## КОНКУРС
### за избор во соработничко звање

Се распишува конкурс за избор на:

1. Еден соработник во соработничко звање асистент во научната област што ја покрива Институтот за механика.

Изборот на соработникот е за време од три (3) години.

Услови и критериуми за избор:

Кандидатите треба покрај општите услови да ги исполнуваат и условите и критериумите предвидени со Законот за високото образование ("Сл. Весник на РМ" бр.35/2008 год.) и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот"Св. Кирил и Методиј" во Скопје. (Универзитетски гласник бр.173/11).

Кандидатите се должни да ги достават следниве документи: пријава за учество на конкурсот, куса биографија, документ за завршено образование, список на научни и стручни трудови и по еден примерок од научните и стручни трудови и уверение за државјанство.

Документите се поднесуваат во оригинал или копии заверени на нотар.

Конкурсот трае (8) дена од денот на објавувањето.

Документите се доставуваат преку пошта или лично во архивата на Машинскиот факултет во Скопје, Карпош 2 бб, 1000 Скопје.

Некомплетните и ненавремено доставени документи нема да бидат земени во постапка за разгледување.

**Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје**
**Машински факултет-Скопје**

---

**НОВОГОДИШЕН ПОПУС**

ДГ Новоградба Владимир и други ДОО Скопје, в
на станови во градба и готови локали во станб

**Населба Ново Лисиче - Скопје**
- станови: - од 40 - 73 м²
- локали: од 30 - 56 м²

**Населба Ѓорче Петров - Скопје**
- станови: од 40 - 56 м²

**Информации на телефон: 2627-633; 2**

---

Врз основа на членот 41 ставови (1) и (2) од Зак
обвинителство („Службен весник на Република М
150/2007 и 111/2008), Собранието на Република
седницата одржана на 24 декември 2012 година, до

## ОДЛУКА
### ЗА ОГЛАСУВАЊЕ НА ИМЕНУВАЊЕ НА ЈАВЕН ОБ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. Собранието на Република Македонија огласув
именување на јавен обвинител на Република Макед

2. Заинтересираните кандидати кои ги исполн
предвидени во членот 44 ставови (1) и (2) од Зак
обвинителство (да е државјанин на Република Маке
да го владее македонскиот јазик, да е работоспос
општа здравствена способност, да има стекнато
диплома за дипломиран правник во Република М
нострифицирана диплома од странство, да и
правосуден испит во Република Македонија и д
искуство од најмалку осум години со потврдени резу
работи по положениот правосуден испит, или редове
универзитетски професор кој предавал повеќе о
правен предмет од правосудната практика), пријавит
документи да се поднесат до Собранието на Републи
во рок од 15 дена од денот на објавувањето на
Службен весник на Република Македонија".

3. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весни
Македонија" и во весниците „Дневник", „Вечер" и „Л

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИ**

**Број 07- 5246/1**
**24 декември 2012 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА**
**НА РЕПУБЛИКА М**
**Трајко Вељан**

---

Најтиражниот
**Огласни**
секој вторник
во весниците
Дневник Вест
секој ден на
www.oglasnik24.mk